**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број **0901/5-8/2**
26.06.2024 година
Куманово

| **ООУ„Браќа Рибар“ – с.Табановце, Општина Куманово** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19. 20 и 21.02. 2024 г. |
| **Број на извештај:** | 01/североисточен /2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сања Јакимовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 4 |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | Македонски, српски и албански |
| **Број на ученици:** | 228 |
| **Полова структура на ученици:** | 110 машки и 118 женски |
| **Број на наставници:** | 48 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Марија Младеновска |
| **Директор на училиштето:** | Жаклина Милинковиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 19-21 ноември 2018 год. |
| **Адреса на училиштето:** | С.Табановце, Куманово |
| **Телефон:** | 076 /262- 442 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | oobracaribar@gmail.com<br>ou-brakjaribar-tabanovce-kumanovo@schools.mk |
| **Веб страна** | https://ooubrakjaribar.edu.mk/ |
| **Оценка ИЕ** | Доволен (2,47) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024 година и Законот за Просветната инспекција, во периодот од 19 февруари до 21 февруари 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Браќа Рибар “ – с.Табановце, Куманово.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и сѐ она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во ООУ„Браќа Рибар “ – с.Табановце, Куманово е **доволен** [1] (2,47).

Воспитно-образовната работа во училиштето се организира и остварува според наставниот план за деветгодишно основно образование на македонски, албански и српски наставен јазик. Наставниот план и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето, со одлука, има формирано училишен инклузивен тим составен согласно со законските прописи и истиот работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Во училиштето има 2 (два) ученика за кои е формиран инклузивен тим за поддршка и работа со нив. Еден ученик работи според модифицирана наставна програма, а еден според индивидуален образовен план. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим, но делумно учествувале во изработката на индивидуалниот образовен план.

Училиштето има формирано Тим за меѓуетничка интеграција во образованието . Партнер-училиште за меѓуетничка соработка е ООУ„Вера Которка“-с.Клечовце, Куманово. Училиштето планира, но делумно ги реализира разновидните воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво

Училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Најголем број наставници планираат и реализираат редовна, додатна и дополнителната настава, како и воннаставни активности.

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Училиштето има усвоен и одобрен согласно законските одредби Статут. Училиштето има Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, усвоена од Советот на Општина Куманово. За својата работа училиштето изготвува самоевалуација. Училиштето има изготвена и Развојна програма за период од 2020 до 2024 година.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ “Браќа Рибар“ с. Табановце е лоцирано во с. Табановце, во северен дел на општина Куманово. Тоа во својот состав има 4 подрачни училишта во селата Сопот, Горно Којнаре, Четирце и населбата Костурник. Реонот на училиште покрива населени места во кои живее население од различен етнички состав: Македонци, Албанци и Срби со различен социјален и економски статус.

По национален состав од 228 ученици запишани во училиштето 61 ученик се Македонци, 105 ученици се Албанци и 62 ученика се Срби. Учениците се распоредени во 24 паралелки, од кои 15 паралелки во одделенска и 9 паралелки во предметна настава.

ОУ „Браќа Рибар„ с.табановце е основано од Општинско Собрание-Куманово со Решение издадено од 1945 година, што се гледа од потврда бр. 30430 од 03.12.1965 година.

Училиштето е регистрирано во судски регистар со Решение бр. 388/2003 од 08.08.2003 година и Регистарска влошка бр. 1-498-0-0-0.

Училиштето е верифицирано со акт за верификација бр. 10-1163/2 од 02.06.1995 од страна на Министерството за образование и физичка култура на РМ.

Воспитно-образовниот процес во ОУ “Браќа Рибар“ с. Табновце се изведува на три јазика и тоа на македонски јазик за учениците од прво до петто одделение во ПУ во с.Горно Којњаре, и за ученици од петто до осмо одделение во с.Табановце; на српски јазик за ученици од прво до петто одделение во централно училиште во с.Табановце и од прво до петто одделение во ПУ во с.Четирце; и на албански јазик за ученици од прво до деветто одделение во ПУ во с.Сопот и за ученици од прво до петто одделение во ПУ во н.Костурник.

Организацијата за работа во една смена е во централното училиште во с.Табановце, во ПУ во с.Четирце и ПУ во с.Горно Којнаре, додека во две смени се работи во ПУ с.Сопот и ПУ во н.Костурник. Првата смена започнува со настава од 7:30, додека втората од 13:00 часот.

Учениците се организирани во 24 паралелки, од кои 15 се во одделенска настава и 9 во предметна настава. Наставата се изведува во 5 објекта и тоа по еден објект во с.Табоновце, с.Сопот, н.Костурник, с.Четирце, с. Горно Којнаре.

Во училиштето нема организирано целодневен престој. За учениците од прво до трето одделение се обезбедува прифаќање на ученици еден час пред почеток на наставата, како и еден час за испраќање на учениците.

Училиштето се затоплува со сопствено парно греење со нафта во објектот на централно училиште, со печки на дрва во три подрачни училишта и во едно подрачно училиште има централно греење на дрва.

## 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ „Браќа Рибар“ - Куманово се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Делумно отстапувања од наставните програми има по наставниот предмет Физичко образование, како за учениците од одделенска настава, така и за учениците од предметна настава, бидејќи наставата се изведува во училишниот двор или во адаптирани училници, поради немање на спортска сала. Во зависност од временските услови, наставната програма по Физичко образование не може секогаш да се реализира онака како што е планирано.

Содржините во најголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура и преку веб-страната на училиштето.

Реализацијата на наставните програми во текот на учебната година повремено се следи од страна на стручната служба и од страна на раководниот орган на училиштето, нотирани во пишаните документи од состаноците на одделенските совети и состаноците на Наставничкиот совет.

Во редовната настава вклучени се 2 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција. За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано инклуизивен тим со Решение бр.03-213/8 од 22.08.2023 год. Инклузивниот тим по

претходно добиена согласност од родителите/старателите изработува индивидуален образовен план за работа со овие ученици. Оваа учебна година еден ученик работи според модифицирана наставна програма, а еден според индивидуален образовен план. Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим, но делумно учествувале во изработката на индивидуалниот образовен план.

Инклузивниот тим за учебната 2022/2023 година изготвил Извештај од работата , кој е заведен со број 03-217/1 од 23.08.2023 година.

Согласно со дидактичките упатства и согласно со пропишаната процедура за изготвување на индивидуален образовен план наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.

Во училиштето има еден ученик со потешкотии во учењето во ПУ Четирце, а не се идентификувани талентирани ученици од страна на стручната служба.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби. Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите.

Училиштето спроведува анкетирање на родителите за реализација на проширена програма за можноста учениците да се прифатат и згрижат еден час пред започнување и еден час по завршување на наставата.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето делумно прибира и разгледува мислење за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците, стручните соработници и родителите.

Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот застапен е во одделенска настава, додека помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава од шесто до деветто одделение.

Учениците во централното училиште во село Табановце и во ПУ село Четирце, учат на српски наставен јазик од 1-во до 5-то одделение, а потоа од 6-то до 9-то одделение продолжуваат да учат на македонски наставен јазик во централното училиште. Во тек на реализација на наставата учениците кои учат на српски наставен јазик, најчесто го користат јазикот со кумановско говорно наречје и се соочуваат со потешкотии да ги совладаат наставните програми на српски јазик. Учениците во ПУ село Сопот и во ПУ село Костурник учат на албански наставен јазик. Учениците во ПУ село Горно Коњаре учат на македонски наставен јазик.

Училиштето на состаноците на формалните органи, а најчесто на Советот на родители дискутира за применуваните наставни планови и програми во однос на реализација на наставата на српски јазик од прво до петто одделение во централното училиште во село Табановце и во село Четирце. Учениците од I до V одделние, кои следат настава на српски наставен јазик, согласно нивните развојни карактеристики, потоа се соочуваат со потешкотии да се вклучат во настава на македонски јазик од шесто до деветто одделение и понатака во средно образование во средните училишта во државата, што беше истакнато и на

состанокот на Советот на родители со инспекцискиот тим. Родителите изјавија дека до релевантните институции, немаат покренато писмена иницијатива за изменување, дополнување или иновирање на наставните планови и програми, а сите нивни барања завршуваат во училиштето.

## 1.3. Вонаставни активности

Училиштето планира, но делумно ги реализира разновидните вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Најголем број ученици се вклучени во една од вкупно 24 секции и други вонаставни активности организирани од училиштето.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во вонаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се балансирано хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози доколку се издржани.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално или државно ниво.

Училиштето делумно прибира и обработува податоци за учество на учениците на натпревари на општинско и државно или другониви и по учебни години.

Според податоците со кои располага во последните три учебни години училиштето учествувало на 48 натпревари, а има освоено вкупно 22 награди од прво до трето место, од кои :

- 13 награди на општинско ниво
- 7 награди на регионално ниво
- 2 награди на државно ниво

Учениците работаат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на вонаставните активности соодветно користи различни медиуми, веб- страната на училиштето и преку социјални мрежи.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб. Учествува на дел од спортски натпревари и активности организирани на општинско ниво.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди, по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализите на крајот минатата учебна година, споредени со постигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се многу добри и тоа:

- Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е многу добар ( 4.13 во учебната 2020/2021 година, 4.15 во 2021/2022 и 4.33 во 2022/2023 учебна година);
- Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол во сите три учебни години.
- Според етничка припадност, за учебната 2022/2023 година, помал успех имаат учениците од албанска националност со просек од 3.85., а поголем успех имаат учениците македонци со успех 4.38.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години спроведени се 107 советувања од кои 39 за намален успех и 68 за изостанување од настава.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Наставниците согласно распоред реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но делумно ги следи постигањата по завршување на основното образование. Училиштето не обработува податоци за отстапување на успехот на учениците при премин од петто во шесто одделение. Училиштето нема податоци за успехот на учениците само од средно училиште каде се запишале учениците. Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација според кој секоја учебна година избира ученик на генерација.

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Во оваа учебна години, од вкупниот број на ученици 228, како Македонци се изјасниле вкупно 61 ученици, кои учат на македонски наставен јазик од шесто до деветто одделение, 105 ученици се изјасниле од албанска етничка припадност и учат на албански наставен јазик и 62 ученици се изјасниле дека се од српска етничка припадност и учат на српски наставен јазик од прво до шесто одделение. Учениците од српска етничка припадност учат на српски наставен јазик од 1-во до 5-то одделние во централното училиште во село Табановце и во ПУ село Четирце, а потоа од 6-то до 9-то одделение учат на македонски наставен јазик само во централното училиште. Тимот на училиштето, за реализираните активности изготвува Годишен извештај и истиот го презентира во училиштето.

## 2.2. Задржување / намалување на бројот (осипување) на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (соработка со надлежните институции, локалната заедница и градинките). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. За минатата учебна година 2022/2023 има вкупно 2820 изостаноци или просечниот број на изостаноци е 11,37 по ученик, од кои 10,64 изостанока по ученик се оправдани, а 0,63 се неоправдани. Редовноста на учениците бележи тренд на подобрување во последните три години. Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е 2 ученика за учебната 2022/2023 година. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со родителите и граѓанските организации, навреме презема конкретни активности за да го намали осипувањето. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно- образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема ученици кои на крајот на наставната година се упатени на продолжителна настава. Во учебната 2022/2023 година и три години наназад нема ученици кои го повторувале одделението заради слаби оценки и успех во учебната година.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценка на крајот на наставната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето повремено им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од новата концепција на основното образование, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. На почеток на учебната година се предаваат планирањата на наставниците кај стручната служба.

Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се утврдени во планирањата и во најголем дел ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности во поучувањето и учењето. Поголем број наставници користат дигитални е – содржини, соработуваат и разменуваат искуства со наставници од други училишта.

Распоредот на часови го изготвува наставникот по Информатика, согласно наставниот план, имајќи го во предвид распоредот за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реалзира согласно распоредот.

## 3.2. Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги реализираа поставените цели.

Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 4 - ЛЦД проектори, 8 интерактивни табли, 8 куќишта, 12 лап-топ комјутери кои ги користат наставниците и 24 таблети. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Во сите простории има достапна безжична интенет мрежа. Наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на информатичко – комуникациска технологија преку користење на линк или е-содржини. Употребата на информатичко – комуникациска технологија во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на

задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракција наставник – ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа.

Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост кај учениците, наставниците превземаат различни и соодветни активности.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час е делумна.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик е добра, најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина со користење на техника. Интеракцијата меѓу учениците за заедничка работа на различни

проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри. Мал број на ученици сметаат дека училиштето треба да превземе повеќе активности за да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

Училиштето за потребите на учениците со посебни образовни потреби има изготвено програми за работа во учебната 2023/24 година кои се инклузирани во редовна настава и работат со ИОП. Училиштето има изготвено посебни програми за учениците со потешкотии и за надарените ученици има изготвено програми за работа.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Поголем дел од наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени. Помал дел од наставниците не секогаш ги применуваат стандардите и критериумите при формирање на оценката на учениците.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците делумно се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми за оценка.

Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднувањето на дневните постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби за пренесување на информациите за паралелката во целина и индивидуални средби за пренесување на информации за конкретен ученик со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи -евидентен лист, со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Најголем број наставници

од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. На ниво на секоја паралелка во функција се формираат и групи на социјални мрежи и мрежите за комуникација за навремено информирање на родителите од страна на наставниците.

Најголем дел од наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и пораки преку е-пошта.

## 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишните дворови.Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат како штекери, лизгав површини, скали се посебно означени и учениците се запознаени како да се однесуваат кон нив.

Пред влезот на централното како и на подрачните училиштета, нема пристапна рампа за ученици со хендикеп, а нема и пристапна рампа и на самиот влез во училиштето.

Во училиштето нема физичко обезбедување преку Агенција за обезбедување, а има дежурства на наставници за време на одморите. Во училиште има инсталиран видео-надзор.

При несреќни случаи во училиштето нема обучени лица за давање прва помош.Вработени во училиштето немаат поминато обука за безбедност при работа. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош и истата е достапна во сандачето за прва помош во ходникот на училишна зграда, а има опрема за прва помош и во библиотеката. Училиштето има План за заштита од елементарни непогоди.

Училиштето не располага со хидрант, има 8 ПП-апарати кои се уредно сервисирани.

Училишната зграда има громобранска инсталација на која и е извршено соодветно мерење на отпор на заземјување на громобранска инсталација.Во случај на незгода и елементарна непогода учениците, вработените и училиштето се осигурани доброволно од осигурителната компанија.Училиштето има план за

евакуација и истиот е транспарентно објавен на огласните табли, ходниците и другите простории. Последна симулација од елементарни непогоди од пожар и земјотрес е извршена во учебната 2022/2023 година.

Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков вид на насилство.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата. Во случаи на појава на насилство, училиштето има пишана процедура и протокол за постапување во такви ситуации.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци во училишниот простор, вклучувајќи го тука и училишниот двор.

Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите, а од страна на стручните соработници се организираат предавања со цел да се укаже на штетноста и последиците од консумирање на истите.

Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.Од страна на стручните соработници организирани се предавања на тема: „Здрава храна“Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците.Училиштето има увид во квалитетот на храната преку доставената документација од извршените контроли од надлежна институција. Во соработка со општината се спроведуваат процедури за проверка на квалитетот на храната во објектите за храна во неговата непосредна околина.Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.Учениците кои следат редовна настава во училиштето си обезбедуваат ужинка самите од дома..

Во училиштето нема евидентирано ученици со телесен недостаток и со пречки во движењето.Училиштето има формирано училишен инклузивен тим кој има изготвено Програма за работа на училишниот инклузивен тим.Има 2 (два) ученика со посебни образовни потреби, од кои со попреченост е 1 ученици и 1 ученици се со специфични потешкотии во учењето.Во училиштето има еден ученик кој работи по модифицирана програма во прво одделение.Во училиштето нема образовен асистент кој ќе работи со два ученика кои имаат посебни образовни потреби.За учениците со посебни образовни потреби се формирани инклузивни тимови кои работат со учениците.Училиштето соработува со здравствените институции и родителите по одредени прашања од оваа подрачје.

Во училиштето нема прилагоден женски тоалет за ученици со ПОП. Од страна на училишниот инклузивен тим има изготвена пропишана процедура за грижа за учениците со телесни пречки.

Во училиштето има мал број од социјално загрозени семејства, чии родители се приматели на социјална помош.Училиштето обезбедува материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример, екскурзии и натпревари), но за истото нема пишани процедури.

### 4.2. Здравје

Хигиената во и надвор од училиштето каде се реализира воспитно-образовната работа е доволна. Дворот на училиштето е хортикултурно уреден и редовно се одржува. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци, а има и корпи за селектирање на отпад.

Училиштето нема „Програма за заштита и спасување за учебната 2023/2024 година“ која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Редовно се вршат систематски прегледи на учениците и на вработените.

Извршен е во декември 2023 година, систематски и санитарен преглед на вработените согласно законските одредби. За заштита на здравјето, училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести и има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција.

Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава При постапување со истите училиштето постапува во соработка со родителите на учениците.Во училиштето нема ученици со потешки здравствени проблеми.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации.Психолог и педагог во училиштето, реализираат работилници за учениците за помош при нивното понатамошно образование.Стручните соработници ги информираат учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во средните училишта.Психологот одржува усни советувања со деветоодделенците со цел помош при нивната професионална ориентација.При крајот на учебната година училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал.Општи информации за понатамошно образование се и дел од програмите за реализирање на одделенските часови.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за нивниот психо-физички развој. Индивидалната евиденцијата се внесува во е-дневник на паралелка, евидентни листови и досие на ученик. Евиденцијата им е достапна на учениците и на родителите на родителски средби.Во училиштето има вработен психолог и педагог, кои за напредокот на учениците социологот соработува со родителите.

Врз основа на индивидуалната евиденција за учениците, наставниците изработуваат извештаи на ниво на паралелки, а педагогот изработува анализи на ниво на квалификациони периоди и споредбени анализи по години. По обработка на податоците, истите се достапни до учениците, родителите и останатите наставници.

Резултатите од анализите се користат во доволна мера понатаму за подобрување на постигањата и на целиот воспитно - образовен процес.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се доволни.Во голем број од наставниците уживаат респект кај родителите.Во училиштето владеат нарушени меѓучовечки односи.Учениците и вработените недоволно се идентификуваат со училиштето, доволно се грижат за неговиот углед и се задоволни што се дел од него.

Училиштето има Кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето.Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници.Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласноПравилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

Со дел од правилата за убаво однесување во училиштето на учениците, родителите се запознаваат преку Брошура за родители и ученици, која им се дава на родителите на почетокот на учебната година.

Училиштето води политика на взаемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други.Со учениците со потешкотии во учењето работи Инклузивен тим.Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.Во училиштето има пропишан и усвоен Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште.Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Во училиштето, се забележува задоволителна работна атмосфера како меѓу наставниците, така и меѓу учениците.Вработените се насочени кон одржување на дисциплината и безбедноста на учениците при што во училиштето постои и распоред на наставници за дежурства на одморите.

Учениците во училиштето за остварување на своите интереси се организираат во заедница на паралелка и во ученички парламент. Во училиштето има формирано ученички парламент и има направен избор за дете правобранител, но нивната улога и функционирање не е целосно јасна за најголем број од учениците. Претставници од ученичкиот парламент не се покануваат на наставнички совет, а не се покануваат и на состаноци на Училишен одбор. Учениците недоволно се запознаени со функционирањето на ученичкиот парламент и работата на ученичкиот правобранител.

Ученичкиот парламент не учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици и има незначителен број реализирани активности за промовирање на интересите на учениците.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Во училиштето има вработено педагог и психолог, кои ги прибираат податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвуваат извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот.Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.Ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Најголем број наставници и вработени во училиштето, правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло. Училиштето планира и реализира активности од меѓуетничка интеграцијаАктивностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, решавање на конфликти.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Партнер училишта за реализација на мултикултурни активности се ООУ„Рајко Жинзифов"- Скопје.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето активно работи во негување и развивање на партнерски однос со родителите и деловната заедница.Родителите, преку своите претставници во Советот на родители и Училишниот одбор, доволно се вклучени во работата на училиштето сѐ со цел постигнување на организирано остварување на интересите на учениците. Дополнителен поттик за соработка со родителите се постигнува и преку комуникација со родителите при организирање на индивидуални и родителски средби, кои најчесто се усогласени со времето што родителот го има на располагање. Родителите соработуваат со училиштето, а делумно доставуваат и свои писмени забелешки и предлози за подобрување, дополнување и изменување на наставните планови и програми.

Информациите што се однесуваат на сите постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма преку евиденти листови и преку е-дневникот.

Мал дел од родителите немаат услови за следење на е-дневникот, но тие се добредојдени во училиштето за добивање на потребни информации за нивното дете.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторини капацитети

Училиштето работи во 5 објекти со површина од 1042м² и тоа: (1) Централно училиште во с. Табановце со 10 училници, 1 медијатека, со вкупно 520м2 или 3,56 мученик (2) ПУ с. Сопот во кој има 4 училници со 158м², со 2,02 м²/ученик (3) ПУ с. Горно Коњаре во кое има 5 училници со 208м², со 3.64м²/ученик (4) ГПУ с.Четирце има 2 училници, со 48м², по 16м²/ученик, и (5) Пу с. Костурник во кое има 3 училници со 156м². со 10.4 м по ученик.

Во подрачните училишта во с.Сопот, с.Горно Којнаре, с.Четирце и с.Костурник, не е регулирано правото на користење на дворно место и правото на сопственост.

Објектот на ЦУ е реновиран во 2007 година, со Јапонска донација и учество на Општина Куманово, реновирана е кровна конструкција, фасада, уредување на инсталации и внатрешна интериер, а систем за парно греење е вграден во 2009 година.Во училнички простории има инсталирано електрична и електронска инсталација за напојување на ИКТ и опремени со компјутери.Во училиштето се создадени добри услови за реализација на наставни и вонаставни активности; училнички и кабинетски простор е доволно голем и добро ги исполнува ергономските условите за изведување на настава според бројот на учениците во паралелките и Нормативот.

Просторните услови се прилагодени и се пријатни за одвивање на настава за работа на наставен кадар и за организирање на воннаставни активности.Големина на сите училници е соодветна и ги задоволува потребите за доволен простор за престој и работа на учениците.

Централното училиште располага со мала фискултурна сала со површина од 100м², сместена во посебна зграда во училишниот двор, која не е реновирана и не се одржува настава.Салата не ги исполнува условите.Непосредно до дворот на училиштето има спортско фудбалско игралиште кое училиштето го користи, во дворот на училиштето е изградено повеќенаменско асфалтирано спортско игралиште.

Училишниот двор зафаќа површина од 10.200 м², целосно хортикултурно уреден, а непосредно до влезот на училиштето уредена бекатонска патека.Во дворот има уредени места како наставно катче во природа, клупи, канти за отпадоци и детско катче.

Затоплување во Централна зграда е со систем за парно затоплување, додека во сите 3 ПУ е со греење на печки на дрва и во 1 ПУ е централно греење на дрва.

Подрачното училиште во с. Сопот е изградено во 1971 год.Истото е преадаптирана во 1997 година, во него има 4 училници и 1 канцеларија. Има санитарни јазли нови изградени во 2007 година.Училишниот двор зафаќа површина од 2000 м², целосно уреден и озеленет, со уредена патека до објектот, а има и бетонско спортско игралиште и детско катче со површина од 500 м2. во дворот.

Подрачно училиште во с. Горно Којнаре е реновиран објект во 2004 година, со донација од Кралството Норвешка. Објектот е цврста градба со 5 простории за училници и 1 наставничка канцеларија. Дворот е со површина од 500 м², целосно е озеленет, има уредени патеки од бекатон, има нови санитарни јазли во дворот, тревнато игралиште, детско катче и нема спортска сала.

Подрачно училиште во н. Костурник, е објект во приватна сопственост со 3 училница и ходник.Има мала дворна површина со околу 100м², санитарен јазол има во самиот објект.Во објектот условите за работа задоволуваат.

Во ПУ с. Четирце, е зграда изградена 1964 година, а реновиран во 2003 година.Располага со 2 училници, дворот е со површина од 1000м², од кои 800 м² се уредена површина.Објектот се снабдува со вода од бунар, има уреден санитарен јазол надвор од објектот.

Училишниот простор се користи по однапред изготвен распоред и тоа во централно училиште се работи во една смена, како и во подрачните училишта во Четирце, Костурник и Горно Којнаре, додека во ПУ с.Сопот се работи во две смени.

Училничкиот простор е прилагоден според возраста на учениците.Расположивите просторни услови и средства во нив добро се користат за задоволување на потребите на учениците.

Училиштето има недостаток на просторни услови за реализација на часови по физичко и здравствено образование, поготово во неповолни временски услови бидејќи нема соодветна спортска сала.

Училиштето ги реализира поголем број точки на акции од воспоставените еко- стандарди кои придонесуваат за подобрување на условите за работење и престој во училишната зграда и училишниот двор.

**6.2. Наставни средства и материјали**

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив, по дел од наставни предмети.Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно образовниот процес согласно планираните ресурси.Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.Учењето и наставата кај помал број на наставници е со користење на ИКТ опрема.Наставниците и учениците во централното училиште континуирано имаат пристап до интернет, а во подрачните училишта интернет врската е слаба.

Училишната библиотека располага со вкупно 4698 наслови, од кои стручна литература 102 , книги по жанр 1672, учебници 922, литература на странски јазик 30 и лектирни изданија 1972.Секоја учебна година книжниот фонд се зголемува по пат на купени книги и подарени книги од ученици.При издавање се води евиденција во пишана и електронска форма.Библиотекарот уредно го води проектот „Бесплатни учебници" и има формирано библиотекарската секција.Училиштето нема пракса да води евиденција за најчитана лектира и во соработка со наставниците да избира најдобар читател

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

Лектирните изданија на македонски јазик се движат од 7 до 15 примероци по наслов, така да една книга лектирни примероци може да ја користат 2 до 5 ученици за кои е наменета, за лектирни изданија на српски јазик има голем број кој ги задоволува потребите на секој ученик, додека лектирните изданија на албански јазик не задоволуват, има малку наслови и мал број на примероци кои делумно ги задоволуват потребите на учениците

Библиотеката е постојано отворена во работно време прилагодено во интерес на учениците.Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала за поголем број наставни предмети од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина.

Планирањата и снабдувањата со потрошни материјали се врши со договорни постапки. Планирања вршат наставниците на ниво на стручни активи, со изготвување на листи на потребни материјали.Листите се доставуваат до раководниот кадар, кој понатаму во зависност од можностите и определува приоритети кои ги вметнува во планирањата за набавки на училиштето.Училиштето обезбедува потрошен материјал во доволно количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има вработено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата во училиштето ја реализираат 48 наставника.Според образовниот профил 38 наставника се со високо образование и 10 наставника се со вишо образование.На неопределено работно време се 25 наставника и 23 наставника се на определено работно време.Во училиштето 5 наставника се наставник приправник.Според полот 16 се мажи 32 се жени, а според етничката припадност 27 наставника се Македонци, 2 се Срби и 19 се Албанци.Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 4 наставника.Наставата во одделенска настава ја изведуваат 17 одделенски наставници, а во предметна настава изведуваат 31 наставника.

Наставниот кадар во голем број е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности.Во училиштето има вкупно 5 (пет) наставника кои се приправници и за кои има назначено ментор.Во училиштето има 6(шест) наставника по оглас, кои не се соодветен наставен кадар.Работата на наставниот кадар е поддржана од страна на директорот, стручната служба и административно-техничкиот персонал.Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник.Со наставникот приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Во училиштето има вкупно 65 вработени, од кои 21 се мажи, а 44 се жени, вклучувајќи ги тука наставниот кадар, стручната служба, административниот кадар и техничкиот кадар.

Во раководниот тим има вкупно 2 вработени, од кои 2 е жени (директор и 1 помошник директор).

Наставниците работат како тим во рамки на 6 стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот.Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена,

Училиштето има стручна служба (психолог, педагог и библиотекар), која им пружа помош на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците.За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа ссо учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Во училиштето се идентификувани 2 ученици со потешкотии во учењето.

### 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионални компетенции за

наставници.Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.

Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот.Организира и учествува во интерни и екстерни обуки. Во последните три учебни години наставниците биле на голем број на различни обуки.

Училиштето превзема активности за следење на обука за работа со учениците со потешкотии во учењето.Училиштето има план за организирање на нагледен час. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Од страна на наставниот кадар изготвени се индивидуални програми за професионален и кариерен развој.За наставниците приправници се применуват соодветни законски процедури за работен однос и менторство.Во учебната 2023/24 година во училиштето има 5 наставници приправници.Училиштето ја почитува законската регулативата за професионален развој, но нема механизми за давање признанија на наставниот кадар.

### 6.5. Финансиско работење

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.Во комисиите за јавни набавки има член од училишен одбор.При креирање на финансискиот план делумно се зема предвид предлог од ученичката заедница за реализација на активности на ученичката заедница.

Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на Училишниот одбор.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.Буџетот се користат за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина..

Контролата на финансиското работење го врши основачот преку квартални планови и извештаи кои се доставуваат редовно во општината Во изминат период нема неодобрени планови и неусвоени извештаи од основачот, со што е потврдено доброто раководење и финансиско работење.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, составен од 7 члена. Изборот на Училишниот одбор во овој состав е избран и конституиран согласно Статутот на училиштето, а начинот на работа е определен со Деловникот за работа и со Годишна програма за работа. Во работата на Училишниот одбор не се вклучени двајца претставници од ученичкиот парламент поради тоа што ученичкиот парламент не прави избор на свои претставници во Училишниот одбор. Училишниот одбор на училиштето реализира состаноци, зависно од потребите на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, Совет на родители и локалната заедница. Од одржаните седници се водат записници. Работата на Училишниот одбор е делумно транспарентна за сите структури во училиштето.

Раководен орган на училиштето е директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.08-6121 од 20.09.2023 година од Градоначалникот на општина Куманово, кој ги исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има визија и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивните придонеси во тимската работа и како да ја промовира добра практика за поквалитетно образование и воспитание на учениците. Директорот на училиштето, работи во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Активностите на раководниот орган се планирани со годишна програма за работа која е во прилог кон годишната програма за работа на училиштето.

Соработката помеѓу училишните тела и органи е добра и во најголем дел е со директна комуникација, преку средби, соопштенија, како и писмена коренсподенција со оние кои треба да бидат информирани. Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Советот на родители редовно закажува состаноци, но истите не секогаш ги одржува поради немање на кворум за работа. За состаноците се водат соодветни записници. Родителите соработуваат со училиштето, а доставуваат и свои писмени забелешки и предлози до МОН за подобрување, дополнување и изменување на наставните планови и програми.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и поголеми постигања на сите ученици. Во креирањето на целите учествуват сите вработени, а делумно се вклучуваат родителите и учениците.

Вработените учествуваат во креирање и во ажурирање на стратегиите за остварување на целите. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа. Посебен документ за образовната политика е Програма за развој на училиштето.Училиштето потребите за развој ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето. Во развојното планирање се определени мисијата и визијата на училиштето.

Наставниците се информираат за поставените цели, преку презентирање на изготвен развоен план на училиштето од страна на стручната служба на наставнички совет.

Училиштето има изготвено програма за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планира, но делумно ги обезбедува поради минималните финансиски средства со кои располага.

Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа и со заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.

Соработка со локалната самоуправа и деловната заедница во однос на подобрување на внатрешната и надворешната инфраструктурата е добра.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1. Силни страни

- ✓ Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за нивниот психо-физички развој.
- ✓ Родителите навремено и редовно се информираат за постигањата на учениците и имаат добра соработка со училиштето.
- ✓ За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации.
- ✓ Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

- ✓ Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

## 8.2 . Слаби страни

- ✓ Училиштето повремено и нецелосно ја следи реализацијата на наставните програми во текот на учебната година;
- ✓ Учениците кои учат на српски наставен јазик од прво до петто одделение се соочуваат со потешкотии во користење на српскиот јазик и понатака да се вклучат во настава на македонски јазик од шесто до деветто одделение и во средно образование во средните училишта во државата;
- ✓ Училиштето делумно и нецелосно изготвува анализи за постигањата на учениците по квалификациони периоди според пол и национална припадност на ниво на паралелки во одделенска настава и во предметна настава .
- ✓ Училиштето нема пропишан приод или училишен правилник за следење на планирањата на наставниците и следење на наставниот процес во текот на учебната година;
- ✓ Помеѓу дел од вработените во училиштето има недоволна меѓусебна соработка и има нарушена комуникација.
- ✓ Во училиштето нема обучени лица за давање прва помош при несреќни случаи.
- ✓ Зградата на подрачното училиште во с.Сопот е стара и руинирана, а во подрачното училиште во с. Четирце нема вода за пиење.
- ✓ Во подрачните училишта во с.Сопот, с.Горно Којнаре, с.Четирце и с.Костурник, не е регулирано правото на користење на дворно место и правото на сопственост.
- ✓ Во училиштето нема училишен спортски клуб.
- ✓ Ученичкиот парламент не избира претставници за Училишен одбор, не присуствува на состаноци на Училишен одбор и на состаноци на Наставнички совет и има незначителен број реализирани активности за промовирање на интересите на учениците.

## 8.3. Препораки

- ✓ Континуирано и целосно следење на реализацијата на наставните програми во текот на учебната година;
- ✓ Организирање на дополнителна настава по предметот Српски јазик за учениците кои следат настава на српски наставен јазик, со цел целосно совладување на јазикот на кој се реализира наставата;
- ✓ Детално изготвување на анализи за постигањата на учениците по квалификациони периоди според пол и национална припадност, на ниво на паралелки во одделенска настава и во предметна настава;
- ✓ Училиштето да изготви пишан документ – процедура за следење на планирањата на наставниците и следење на реализација на наставниот процес во текот на учебната година;
- ✓ Училиштето да преземе активности за подобрување на меѓусебната соработка и меѓусебната комуникација помеѓу вработените.
- ✓ Училиштето да обезбеди следење на обука на дел од вработените за за давање прва помош при несреќни случаи;

- ✓ Училиштето да преземе активности за реновирање на училишната зграда во с. Сопот и за обезбедување вода за пиуење во подрачното училиште во с. Четирце ;
- ✓ Училиштето да преземе активности за регулирање на правото на користење на дворно место и правото на сопственост за подрачните училишта во с.Сопот, с.Горно Којнаре, с.Четирце и с.Костурник;
- ✓ Училиштето да формира и регистрира училишен спортски клуб;
- ✓ Ученичкиот парламент да ја зголеми својата активност преку избирање на претставници за Училишен одбор, присуства на состаноци на Училишен одбор и на состаноци на Наставнички совет како и преку реализација на поголем број на активности за промовирање на интересите на учениците.

| | |
|---|---|
| Сања Јакимовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Ивица Давидовски, Инспектор | |
| Александар Панев, Инспектор | |